## Критериуми за доделување

Проектите ќе се оценуваат во однос на следниве критериуми:

| | |
|---|---|
| **Релевантност кон целите и приоритетите на Програмата (30%)** | Релевантност во однос на:<br>▪ Генерални цели на Програмата<br>▪ Специфични цели на подакцијата<br>▪ Постојаните приоритети на Програмата<br>▪ Годишните приоритети идентификувани на Европско, и каде што е релевантно или назначено, на национално ниво. |
| **Релевантноста во однос на тематскиот концепт (20%)** | Релевантноста во однос на на тематскиот концепт, т.е проектот ќе се фокусира на:<br>▪ Учество на млади луѓе во механизмите на репрезентативната демократија; или<br>▪ Овозможување на младите луѓе да ги искусат концептите и да практикуваат репрезентативна демократија и активно граѓанство; или<br>▪ Олеснување на дијалогот меѓу младите луѓе и носителите на одлуки на сите нивоа (локално, регионално, национално и Европско); или<br>▪ Било која комбинација на горе-наведените. |
| **Квалитетот на проектот и предложените методи (30%)** | ▪ **Квалитет на подготовка на проектот** (квалитет на партнерството/активната вклученост на сите промотори во проектот; квалитет на подготвителната фаза; квалитет на програмата за активноста; квалитет на фазата на евалуација; квалитет на мерките со кои се обезбедува заштита и безбедност на учесниците)<br>▪ **Квалитет на содржината и методологијата на проектот** (тема од заеднички интерес и релевантност за групата на учесници; применети неформални методи на учење; активна вклученост на учесниците во проектот; промовирање на социјален и личен развој на вклучените учесници; меѓукултурна димензија; европска димензија)<br>▪ **Квалитет на информирање за проектот** (влијание, зголемувачки ефект и последователни активности; видливост на проектот/ видливост на Програмата Млади во Акција; дисеминација и искористеност на резултатите). |
| **Профил на учесниците и промоторите (20%)** | ▪ Вклученост на млади луѓе со помали можности<br>▪ Број на држави и вклучени партнери промотори |